Совет на Општина Делчево
Број 09-1876 /2
20.11.2020 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 47.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 20.11.2020 година (петок), во фоајето на Спомен-домот АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Кристи Стојковски
12. Вице Стоиловски
13. Дијана Јосифовски
14. Билјана Ѓеоргиевска
15. Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој за 47.седница го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 46.седница на Советот

1. Предлог-Одлука за ставање вон сила на Одлуката за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад бр.09-2203/1 од 20.11.2019;

2.Предлог-Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад;

Образлагач: По точките 1 и 2-Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи.

3. Предлог-План на програма за развој на Општина Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам.

4.Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;

**Образлагач**: Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.

5. Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Образлагач:** Билјана Симовска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.

6. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош по барање на Билјана Ѓеоргиевска од Делчево;

**Образлагач**: Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 47.седница на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 46.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот од 46.седница беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 46.седница.

**Прва точка-Предлог-Одлука за ставање вон сила на Одлуката за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад бр.09-2203/1 од 20.11.2019;**

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска -Помлад соработник за нормативно-правни работи која рече дека на 31.седница одржана на 20.11.2019 година, Советот на Општина Делчево донел Одлука за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад бр.09-2203/1 од 20.11.2019 која била објавена во „Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.13/2019 година. Бидејќи општините Куманово и Свети Николе не се согласиле со одредбите за избор на директор на ова заедничко јавно претпријатие и не ја донеле оваа одлука, заедничката комисија одржала состанок и е изготвен нов текст на одлука. Но пред да се донесе новата одлука, која е на дневен ред како точка 2, потребно е да се стави вон сила претходно донесената одлука.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, рсправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за основање на заедничко Јавно претпријатие за регионално управување со отпад бр.09-2203/1 од 20.11.2019

**Втора точка-Предлог-Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад;**

Образлагач и по оваа точка бршр Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи која рече дека текстот на оваа одлука и на претходната не се разликува многу, првата разлика е во самиот назив и истиот гласи: **Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе со седиште во општина Свети Николе на адреса: Плоштад „Илинден“ бб Свети Николе.**

**Скратениот назив на претрпијатието гласи: ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК.**

Другата разлика е во член 4, отстранета е дејноста-собирање и обработка на опасен отпад од причини што Свети Николе како општина не сака во нивната општина да се собира и обработува опасен отпад. Исто така, има рзлика во чкен 7 во врска со претоварните станици, разликата е тоа што Општина Пробиштип отпадот ќе го носи директно до регионалната инсталација на ЗЈПРУО “ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК”. И најголемата разлика во однос на претходната е во членот 17, одредби кои се однесуваат на изборот на директор. Со новата одлука се предвидува: Директорот да се избира по пат на јавен конкурс, во согласност со Закон за меѓуопштинска соработка и Законот за јавни претпријатија.
Постапката за избор на директор ја спроведува три члена Комисија за избор на директор формирана со решение од страна на Градоначалникот на Општина Свети Николе, по предлог на Градоначалниците на Североисточниот и Источниот регион и тоа:

**За членови на Комисија за избор на директор**

- Два претставника од општините од Североисточен регион
- Еден претставник од општините од Источниот регион и

**За заменици членови на Комисија за избор на директор**

- Два претставника од општините од Источен регион и
- Еден претставник од општините од Североисточен регион.

За правата и должностите на членовите на Комисијата, начин на работа, текот на работата, одлучувањето, начинот на водење и содржината на записникот и други прашања од доменот на работата на Комисијатана се донесува Деловник за работа на Комисијата. Комисијата е должна да ги разгледа доставените пријави за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе и да достави предлог кандидат до Градоначалникот на Општина Свети Николе кој е должен да го именува во рок од 8 дена.
Вршител на должноста директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе до избор на директор го именува Градоначалникот на Општина Свети Николе на ист начин како за избор на директор, за период од 6 шест месеци.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за основање на

заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад.

**Трета точка-Предлог-План на програма за развој на Општина Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам кој истакна дека секоја година на Советот се донесува план на програма за развој за наредната година. Оваа година тоа е Изградба на затворен градски пазар. Станува збор за капитален проект, исто така и ланската година беше истиот проект. Можам да ве запознам до каде е постапката во врска со него, тендерската постапка во прва фаза е помината, постапката за изработка на вкупната докементација е во тек, познато ви е дека имаше проблем со експропријацијата на дел од земјиштето, но и тоа веќе е во крајна фаза и се надевам дека во 2021 година, овој проект ќе се реализира.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Дејан Георгиевски кој праша за кога се предвидува почетокот на проектот, дали декември 2020 како што е наведенои во самиот план?

Звонко Атанасов рече дека почетокот се предвидува декември 2020, а крајот на проектот декември 2021 година.

Славица Димитрова праша кој е донатор на средствата за изградба на градскиот пазар?

Звонко Атанасов рече дека 7 милиони денари се од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и рурален развој и дел од Општина Делчево, но според кажувањата на градоначалникот има најава и за други донатори.

Претседателот на Советот рече дека по кажувањата на Градоначалникот за втората фаза на овој проект ќе се бараат средства од Источно-планскиот регион.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на План на програма за развој на Општина Делчево за 2021 година.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година;**

Образлагач по оваа точка беше Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања кој рече дека со оваа одлука се прави проширување на 2 смети:сметката на донации и сметката на дотации. Во сметката за дотации проширувањето е во висина од 505.000 ден. средства кои се однесуваат на зголемување на платите на вработените, а на сметката за донации има проширување во износ од 169.200 ден. кои се однесуваат за едномесечна исплата на лицата ангажирани преку проект за Светска банка.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали средствата за проширувањето се од

општински средства?

Шабан Багашов рече дека во образложението тој кажал дека проширувањето се однесува на сметките за дотации и донации.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на Буџетот на Општина Делчево за 2020 година.

**Петта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која рече дека Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ на својата седница одржана на 18.11.2020 година, донел Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево 0101-88/1 од 13.06.2019, Правилникот 0101-08/1 од 03.01.2020 и Правилникот 0101-85/1 од 21.07.2020. Измената се состои во делот Посебни услови во член 8 став 1 алинеја 1 која се менува и гласи:„стручни квалификации и тоа за нивото В3 и В4 ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII степен.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

**Шета точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош по барање на Билјана Ѓеоргиевска од Делчево**;

Претседателот ја стави толата на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Ооштина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиска помош по барање на Билјана Ѓеоргиевска од Делчево;

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 47.седница на Советот заврши со работа во 14:20 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски